ЈКП КОМУНАЛЕЦ
Арх.бр.**03-650**
13.04.2022г.
Прилеп

Јавно комунално претпријатие

**ЈКП КОМУНАЛЕЦ-ПРИЛЕП**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ во 2022 година

**АПРИЛ,2022 год.**

# ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА НА ПРВОТО ТРОМЕСЕЧИЕ во 2022 год. на ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПРИЛЕП

Во првото тромесечие од 2022г. ЈКП Комуналец Прилеп финансиски покажува **добивка од 144.332,00** денари по основ на спротивставување на приходите и расходите според сметководствените финансиски податоци за период од 01.01.2022год. до 31.03.2022год.

**А. Приходи**

Вкупните фактурирани приходи за ова тромесечие изнесуваат **52.684.121,00** денари, од кои најголем дел 51.920.715,50 ден.односно околу 99%, се приходи од услуги на домашен пазар, а само 1% се приходи од кирии и камати. Од вкупните приходи остварени во првиот квартал во 2022г. , најголем процент од 57% зема секторот за подигање и селектирање на отпад, секторот за одржување на ЈПП е 34% од вкупниот приход, а додека приходите од секторот за одржување на гробиштата се со процент од околу 9%, останатиот дел на приходи се приходи од камати, кирии и останати финансиски приходи.

**Споредба на приходите**

Вкупните приходи по синтетика за 1-от квартал од 2022г.споредени со вкупните приходи од 1-от квартал од 2021г. прикажани се во следната табела бр.1:

Табела бр.1 : Приходи споредени 1 квартал од 2022 со 1квартал од 2021-синтетика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **конто** | **Опис На приход** | **Прв квартал 2022** | **Прв квартал 2021** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 740 | Приходи од услуги | 51.920.715,00 | 50.523.998,50 | 1.396.716,50 | 2,8% |
| 747 | Приходи од кирии | 382.500,00 | 564.000,00 | -181.500,00 | -32,2% |
| 774 | Приходи од камати | 363.406,00 | 528.571,00 | -165.165,00 | -31,2% |
| 779 | Останати приходи | 17.500,00 | 21.208,00 | -3.708,00 | -17,5% |
| **Вкупно приходи** | | **52.684.121,00** | **51.637.777,50** | 1.046.343,50 | 2,0% |

Од прикажаните податоци во аналитика во доставените материјали,позначајна разлика во приходите се согледува во следните ставки:

-**синтетичко конто 740-22**- приходи од хартија , зголемено продадено количество на хартија, како и зголемена цена, на пр.на 31.03.2022г. изнесува 8,6 денари, додека на 31.03.2021 г. изнесувала 4,0 денари;

-**синтетичко конто 747-1** Приходи од кирии од Терминал поради стопирано фактурирање према Терминал по основ на закупи со одлука на Управен одбор за месец март 2022г.;

**Како краен резултат ,приходите од двата први квартали од 2022г. и 2021г. се разликуваат за 2% или 1.046.343,50 ден.**

График бр.1 според табела бр.1




**<u>Б.Трошоци</u>**

Вкупните трошоци за првото тромесечие од 2022г. изнесуваат **52.539.789,00**денари,од кои :

*72% односно 37.813.744,00 ден. за бруто платата исплатена на 399 вработени, и тоа со 31.03.2022г:

-376 вработени во ЈКП Комуналец Прилеп

- 23 вработени преку Агенција за привремени вработувања;

*8% или 4.301.215,00 ден. за надоместоци за вработените;

*9% односно 4.597.781,00 ден. за потрошена енергија ;

*2% односно 826.658,00 ден.за потрошени суровини, материјали;

*3% или 1.418.065,00 ден. за потрошени резервни делови,отпис на автогуми и извршени услуги за одржување и заштита;

*1% или 413.555,00 ден. за услуги;

*5% за сите други останати трошоци.

**Споредба на трошоците**

Во аналитиката на трошоците во доставените материјали,позначајна разлика се согледуваат во ставките прикажани во следната табела бр.2:

Табела бр.2 : Поголеми разлики во трошоците споредени 1 квартал од 2022 со 1 квартал од 2021-аналитика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на трошок** | **Прв квартал 2022** | **Прв квартал 2021** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 402-1 | Потрошена ел. енергија | 1.905.386,50 | 225.548,50 | 1.679.838,00 | 745% |
| 402-4 | Потрошена нафта | 1.966.928,00 | 1.378.949,00 | 587.978,00 | 43% |
| 404-1 | Потр. резер.делови | 720.532,00 | 376.653,00 | 343.879,00 | 91% |
| 419-22 | Плата преку АПВ | 1.239.406,00 | 124.999,00 | 1.114.407,00 | ******* |
| 420-1 | Вкалкулир. плати | 36.574.338,00 | 33.718.341,00 | 2.857.955,00 | 9% |

Објаснување на податоците во табела бр.2 :

***402-1** Потрошена ел. енергија - во 2022 година со зголемувањето на цената на потрошената електрична енергија , јавното претпријатие има трошок само за месец март од 2022г. од 828.039,00 денари ,

***402-4** Потрошена нафта , зголемената цена на нафтата во овој квартал од 48,00 ден. на 80,00 оваа година без ДДВ;

***404-1** Потрошени резервни делови, има зголемена цена на резервните делови, но и према потребата од поправка на возилата во одреден период;

***419-22** Плати на вработени преку Агенција за привремени вработувања – во 2021 година беа превземени вработените од АПВ во ЈКП Комуналец Прилеп;

***420-1** Вкалкулирани плати- зголемување на бруто платата од следните причини:

-зголемувањето на минималната плата до 18.000,00 нето плата од март 2022г. ,
-исплатата на вработените за работа во недела од јануари 2022г.,
-зголемениот бод од 51,24 во квартал од 2021г.на 53,9 во првиот квартал од 2022г.

**Вкупните трошоци од двата први квартали од 2022г. и 2021г. се разликуваат за 8,2% или за 3.967.786,00 ден.**




График бр.2 според табела бр.2

## В. Набавка на основни средства

Во период од 01.01.2022г. до 31.03.2022г. се набавени основни средства со вкупна вредност без ДДВ од **37.078,00** денари.

## Г. Побарувања од купувачи и поврзани субјекти

Табела бр. 3 Побарувањата на парични средства

| | опис | 2022г. | 2021г. |
|---|---|---|---|
| 110 | Побарув. од поврзани субјекти-ВИК | 1.670.877,50 | 1.670.877,50 |
| 112 | Побарув. од поврзани субјекти -ТЕР | 455.013,00 | 55.013,00 |
| 120 | Побарув.од купувачи | 125.962.038,00 | 121.695.490,00 |
| | **Вкупно:110 + 120** | **128.087.928,50** | **123.421.380,50** |

- **Побарување од купувачи**:

Табела бр.4 Аналитика на конто 120

| | опис | 2022г. | 2021г. |
|---|---|---|---|
| 1200 | Купувачи- правни лица | 30.694.359,00 | 27.632.894,50 |
| 1201 | Купувачи-граѓани | 78.746.294,50 | 77.737.344,50 |
| 1202 | Побарувања од граѓани од гробишта | 387.130,50 | 349.678,50 |
| 1203 | Купувачи дуќани | 1.630.977,50 | 1.543.733,50 |
| 1205 | Извршни побарувања | 1.902.492,00 | 1.902.492,00 |
| 1206 | Спорни побар.гробишта -тужени | 155.032,00 | 155.032,00 |
| 1208 | Спорни побарувања-правни лица | 9.197.823,50 | 9.197.823,50 |
| 1209 | Стечајни побарувања | 3.247.929,00 | 3.247.929,00 |

- **Побарување од поврзани субјекти**:

1. **ДООЕЛ Терминал-Комуналец - 455.013,00** денари дадена позајмица за покривање на трошоци за неплатени сметки за електрична енергија, ДДВ и за дел од бруто плата.

2. **ЈКП Водовод и канализација – 1.670.877,50** денари, наследени побарувања по Делбен биланс од 2004г.

**<u>Д. Краткорочни и долгорочни обврски</u>**

- **Обврски према добавувачи**:

Табела бр. 5

| | опис | Салдо на 31.03.2022г. | Салдо на 31.12.2021г. |
|---|---|---|---|
| 220 | Добавувачи во земјата | **16.720.560,00** | **18.800.736,50** |

График бр. 3 според табела бр.5




- **Обврски према државата:**

1. **ДДВ - 965.287,00ден** исплатено во период од 01.01.2022г. до 31.03.2022г. за редовното ДДВ ,
2. **Репрограмирано ДДВ – 150.000,00** денари исплатено во период од 01.01.2022г. до 31.03.2022г. за репрограмирано ДДВ , додека остатокот со 31.03.2022г. изнесува 22.869.360,00 денари главен долг со краен рок на исплаќање до 2023 година ,
3. **Данок од добивка –**
   - **37.737,00** ден исплатено за данок од добивка по завршна сметка,
   - **372.226,00** ден. исплатено за аконтации за данок од добивка во период од 01.01.2022г. до 31.03.2022г.

- **Обврски према вработените:**

1. **Регрес за годишен одмор за 2020г.- 1.046.599,00**ден. исплатена последна рата во овој квартал,
2. **Новогодишен надомест за 2021г. - 2.185.582,00** ден**.** исплатено две рати од вкупно 6 **,** остануваат уште 4 рати во износ од 4.951.787,00 ден.
3. **Јубилејни награди - 58.812,00** ден. исплатено за јубилејни награди стекнати во овој период од 2022година,
4. **Регрес за годишен одмор за 2021г**.- со исплата ќе се отпочни по доисплатата на новогодишниот надомест за 2021г. , а е во вкупен износ од 4.907.894,00 денари.

- **Обврски према поврзани субјекти:**

1. **Локална Самоуправа Прилеп- 11.802.082,00**ден. неисплатена обврска
   - **9.757.112,00** ден. обврска до 31.12.2021год.
   - **2.044.970,00** ден. обврска од 01.01.2022г. до 31.03.2022г.

## Ѓ. Располагање со парични средства:

На 31.03.2022 година вкупните парични средства на сите жиро сметки изнесуваат 3.030.956,50 денари ,

**1.денарски жиро сметки** - **2.681.689,50** денари,
**2.девизна жиро сметки** - **349.267,00** денари, во денарска противредност.

Со 31.03.2022г. ЈКП Комуналец Прилеп нема задолжување по основ на кредити и заеми од земјата и странство, сите сметки се активни и работи со месечен лимит по Решение ППНИ бр.6/22.

## Е. Организациона поставеност во ЈКП Комуналец Прилеп :

Вработени во ЈКП Комуналец Прилеп на 31.03.2022г. и 31.12.2021г. по сектори :

| | | 2022 г | 2021 г |
|---|---|---|---|
| **- Директор** | = | **1** | **1** |
| **- Раководство** | = | **8** | **9** |
| **- Сектор за општи и правни работи** | = | **25** | **27** |
| **- Сектор за финансиско работење** | = | **35** | **34** |
| **- Сектор за подигање , транспорт и депон. на отпад** | = | **127** | **127** |
| **- Сектор за ЈПП** | = | **121** | **120** |
| **- Сектор за одржување на градски гробишта** | = | **55** | **52** |
| **- Шинтерска служба** | = | **4** | **4** |
| **Вкупно вработени во ЈКП Прилеп :** | | **376** | **374** |
| Агенција за привремени вработувања: | | **23** | **0** |
| **Вкупно во ЈКП Прилеп со АПВ:** | | **399** | **374** |

**Напомена:**

**Финансиската ситуација во ЈП која е прикажана во овој квартал од 2022г. јасно укажува не неопходна промена на цените на услугите кои ги дава ова претпријатие . Сите финансиски турбуленции на ниво на целата држава како:**

- **покачувањата на минималната плата на 18.000,00 денари**
- **зголемување на цената на електричната енергија**
- **исплатата на вработените за работа во недела**
- **нестабилност на цената на нафтата и бензинот**
- **зголемување на цените на сите набавени средства и услуги**

**имаат големо влијание за доведување во ваква финансиска ситуација на Јавното претпријатие, па затоа мора да се изнајде брзо финансиско решение за да има непречено и квалитетно работење.**

Изработил:
Рак.на Сектор за Финанс.работење
СнежанаТрумпеска

Одобрил:
Пом.директор за екон.и правни прашања
Снежана Николова

Овластен потписник:
**Директор:**
**Рубинчо Абрашоски**

13.04.2022г.